Во тек на 2022 година, ќе се вложат напори да се создадат можности/услови за селекција на отпад односно поставување на соодветни садови за селекција на отпад и соодветно возило.

*Финансиски средства би се обезбеделе од донации, грантови и активноста ке ја спроведе ЈКП СЦГ во сорботка со Општината.*

2.3.ЦЕЛ

Заштита на вработените во Јавното Комунално Претпријатие кои во својата работа се изложени на опасност заради контакт со отпад со што би се спречило, првенствено, настанување а потоа и ширење на заразни болести.

АКТИВНОСТИ
-редовно обновување на опремата за работа (заштитни униформи, алат и сл)
-задолжителна вакцинација (Активна имунизација против црвен тифус- задолжителна еднаш на три години).

Финансиски средства за втората цел ќе се обезбедат од Буџетот на ЈКП СЦГ.

**Општа мерка бр.3**

**Санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти-училишта**

На територија на Општина Чучер-Сандево има 3 основни училишта:
-ООУ „Св Кирил и Методиј"-с.Кучевиште со ПОУ во с.Побожје,
-ООУ „Александар Урдаревски"-с.Сандево
-ОУ „Михаљ Грамено"-с.Брест со ПОУ во с.Танушевци, Малино и во с.Блаце.
Училиштата како потенцијални жаришта на заразни болести бараат е водење грижа во повеќе сегменти.

3.1.ЦЕЛ

Следење на здравствената состојба на вработените во јавните установи со цел исклучување на опасноста од пренесување на заразни заболувања на најраливата група-децата.

АКТИВНОСТИ
-вршење на здравствени прегледи врз вработени во погореспоменатите училишта согласно законските прописи.

*Финансиски средства за извршување на цел 1. ќе обезбедат Училиштата од сопствените буџети.*

3.2.ЦЕЛ

Задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училишните установи со цел создавање на безбедна средина.

АКТИВНОСТИ
Во училиштата превентивната дезинфекција, дезинсекција и дератизација е задолжителна на секои 6 месеци, а ја врши Овластена установа за дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Училиштата се врши пред почетокот на првото и пред почетокот на второто полугодие.

| | **Објект** | **Распоред на дезинфекција, дезинсекција и дератизација** | |
|---|---|---|---|
| 1 | ОУ Св.Кирил и Методиј с.Кучевиште | 01.2022 | 09. 2022 |
| 2 | ПОУ Св.Кирил и Методиј с.Побожје | 01. 2022 | 09. 2022 |
| 3 | ОУ Александар Урдаревски с.Сандево | 01. 2022 | 09. 2022 |
| 4 | ПОУ Александар Урдаревски с.Блаце | 01. 2022 | 09. 2022 |
| 5 | ОУ Михаљ Грамено с.Брест | 01. 2022 | 09. 2022 |
| 6 | ПОУ Михаљ Грамено с.Танушевци | 01. 2022 | 09. 2022 |
| 7 | ПОУ Михаљ Грамено с.Малино | 01. 2022 | 09. 2022 |

-Лица во училиштето задолжени за спроведување на дезинфекција, дезинсекција и дератизација:

| **Основно училиште** | **Одговорно лице** | **Работно место** |
|---|---|---|
| Александар Урдаревски | Горан Колариќ | Ложач |
| Св..Кирил и Методиј | Драгољуб Гурмешевиќ | Хаусмајстор |
| Михаљ Грамено | Кемаљ Сејдиу | Одд. наставник |

*Финансиски средства за извршување на цел 2. ќе обезбедат Училиштата од сопствените буџети.*

3.3.ЦЕЛ

Создавање здрави поколенија преку постојано следење на здравствената состојба на учениците и нивна имунизација.

АКТИВНОСТИ

За систематските прегледи и вакцинациите на учениците како и за следење на здравјето на забите на учениците надлежен е Здравствен дом Чаир, а се вршат според однапред изготвен распоред на Амбулантата за што училиштата, благовремено, се известуваат за распоредот и термините.

По добивање на известувањето, ОУ се обврзани да ги превземат потребните активности. За таа цел, училиштата имаат назначено лице кое по известувањето од надлежната здравствена установа пристапува кон активности за спроведување на истата.

Точните термини за вакцинацијата и систематските прегледи дополнително се определуваат, а се извршуваат во следните одделенија:

*За вакцинација*

| Одделение | Вакцина | |
|---|---|---|
| I ( 6 години) | МРП | Морбили, рубеола и паротит [1] |
| II ( 7 години) | ДТаП | Дифтерија, тетанус, пертусис [2] |
| II( 7 години) | ИПВ | Полиомиелитис |
| VII( 12 години) | ХПВ | Хуман папилома вирусни инфекции[3] |
| IX ( 14 години) | дТ | Дифтерија, тетанус |
| IX ( 14 години) | ИПВ | Полиомиелитис [4] |

1 првата доза комбинирана МРП вакцина се дава на деца со навршени 12 месеци од животот, а втората доза (ревакцина) се дава при започнување на основното образование;
2 втора ревакцина преотив дифтерија, тетанус и пертусис се спроведува кај деца со неполни 7 години или со наполнети 7 години со давање на една доза четиривалентна ДТаП-ИПВ;
3 само девојчиња со наполнети 12 години , со давање на две дози на вакцина, на растојание од 6 месеци и
4 трета ревакцинација против дифтерија и тетанус се спроведува кај деца во завршно одделение на основното образование со давање на една доза тривалентна Тд-ИПВ вакцина

Во насока на подобрување на здравствената состојба и квалитетот на превентивната здравствена заштита на децата од училишна возраст, како и обезбедување на одржлив систем на надзор врз подобрување на здравјето, потребно е извршување на мерка за подобрување на превентивна здравствена заштита на деца од училишна возраст, односно, систематски преглед

| Одделение |
|---|
| I |
| III |
| V |
| VII |
| IX |

-Лица од училиштата задолжени за организирање и спроведување на систематски прегледи и вакцинации:

| **Основно Училиште** | **Одговорно Лице** | **Работно место** |
|---|---|---|
| Александар Урдаревски | Гордана Поповска | Училишен социолог |
| Св..Кирил и Методиј | Мирјана Николовска | Училишен психолог |
| Михаљ Грамено | Муса Јакупи | Директор |

*Финансиски средства за извршување на цел 3. не се потребни.*

3.4.ЦЕЛ

Одржување на беспрекорни хигиенски услови со цел спречување на настанување и ширење на заразни болести.

АКТИВНОСТИ
- строго придржување кон мерките за заштита од коронавирусот КОВИД-19
-постојано одржување на хигиена во работните простории,
-постојано одржување на хигиена со дезинфекција во санитарните јазли,
-течен сапун во тоалетите и
-зголемување на бројот на хигиеничари.

*Финансиски средства за извршување на цел 4. ќе обезбедат Училиштата во сопствените буџети.*

**Општа мерка бр.4**

**Превентивно промотивни активности за чување и унапредување на здравјето на населението**

4.1. Целта на ова мерка е, пред се, промоција на здравјето на учениците како и превенција од болести во општината преку здравствена едукација на најранливата категорија-учениците во основните училишта.

Целта би се постигнала преку предавања на теми:

АКТИВНОСТИ

| **Едукативни предавања** | **Носител** | **Вклучени страни во проектот** | **Обезбедени средства од Буџетот на Општина Чучер Сандево (2022г)** |
|---|---|---|---|
| 1.Здравствениот бенефит од спроведување на редовна физичка активност кај училишните деца | ЕЛС | ЈЗУ ЦЈЗ Отсек за промоција на здравјето и Оделение за социјална медицина, Општина Чучер Сандево, Училиштата на територија на Општината | 6.000 ден. |
| 2.Исхрана и здравје-здрави училишни оброци и здравствен ризик од неправилна исхрана | ЕЛС | | 2.000 ден. |
| 3.Активности во периодот на детството и адолесценција | ЕЛС | | 00 ден. |
| 4. Лична хигиена | ЕЛС | | 2.000 ден. |
| ВКУПНО | | | 10.000 ден. |

Во 2022г. Советодавни и едукативни предавања во Училиштата ќе се вршат преку предавања, трибини и работилници по претходен договор а согласно термини на Центар за Јавно Здравје Скопје со Основните училишта и Општината. Воедно, Центарот за јавно здравје предвидува активности со кои ке се оцени бенефитот од наведените предавања.

*Финансиски средства за реализација на точка 4., ќе се обезбедат од Буџетот на општината за 2022г.*

## 5.Општа мерка

**Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиенско-технички мерки на населени места и јавни површини**

Јавните површини па и цели населени места се исто така места на кои постои опасност од појава и ширење на заразни болести при наезда на инсекти и други штетници кои се преносители на заразни заболување (комарци, глувци).

Во случај пак на наезда од штетници и инсекти, Општина Чучер-Сандево во соработка со надлежниот Завод за здравствена заштита-Скопје и по негова предходна препорака, ќе води грижа за безбедноста на граѓаните и од овој вид на загрозување со вршење на дезинсекција и дератизација.

Чистење на јавни површини од комунален смет во 2022 год. ќе се врши според Програмата за јавна чистота на Општина Чучер -Сандево. Подигање на јавната свест на населението е сеуште значаен предизвик за Општината.

5.1.ЦЕЛ

Уништување на штетници кои предизвикуваат или се преносители на зарази.

АКТИВНОСТИ

-Дезинсекција на населени места при појава на инсекти или опасност од заболувања кои ги пренесуваат инсектите.Дезинсекцијата во 2022 година ќе се спроведува според елаборатот за спроведување на превентивна дезинсекција за спречување и сузбивање на вектор преносливи заболувања, изготвен од ЈЗУ Центар за јавно здравје.

-Дератизација на населбите, околините на населбите, средства за јавен превоз, складишта како и други работни простории, како и по епидемиолошки индикации при појава на глодари или опасност од појава на заболувања чии извори на зараза или преносители се глодари и ке се изврши според Елаборат за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем и депонии во Општината за заштита на населението од вектор преносливи болести, изготвен од Центар за јавно здравје.

*За активностите дезинфекција, дезинсекција и дератизација од Буџетот на Оопштина Чучер Сандево за 2022 година издвоени се 50.000 денари.*

II.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

При спроведување на предвидените активности, максимално ке се почитуваат мерките за заштита од пандемијата на коронавирусот КОВИД -19.

Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево го следи реализирањето на оваа програма, покренува иницијативи, дава мислење и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Чучер-Сандево”, а ќе се применува до 31.12.2022 година.

**Бр.08-373/5**
**28.03.202година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

# 17.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 2022 ГОДИНА**

Се објавува Програма за активности на Општина Чучер-Сандево во областа на социјалната заштита за 2022 година, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 9-та седница, одржана на 28.03.2022 година.

**Бр.09-482/4**
**28.03.2022 год.**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 7, член 142 став 5 од Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21 и 40/21) на 9-та седница на Советот на Општина Чучер Сандево, одржана на ден **28.03.2022 година**, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активности на општина Чучер Сандево**
**во областа на социјална заштита за 2022 година**

ВОВЕД

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес кој се остварува преку јавни мерки и активности заради заштита од ризици, превенција и надмнување на социјални проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните за спречување на социјална исклученост, подобрување на квалитетот на живот и посебно на зајакнување на капацитетите за водење на самостоен живот. Програмата е сеопфатен систем на мерки и активности насочени кон општо подобрување на условите за живот на најсиромашните и социјално исклучени граѓани. Истата треба да произведе позитивни трендови што ќе бидат препознатливи за граѓаните. Овие состојби ги дефинираме како ризици по основ на мајчинство, болест, смрт, повреда и попреченост и сл. Програмата треба да ги штити социјално најранливите кои поради

лични, социјални и сл околности не се во можност сами да ги задоволат основните животни потреби.

Префрлувањето на надлежнсотите на ниво на општините претставува напорен чекор кој пред се бара зајакнување на капацитетите на субјектите на локалната самоуправа.

Согласно Законот, општината формираше Совет за социјална заштита. Советот имаше обврска да изврши мапирање на социјалните проблеми и ранливи групи, да изврши анализа на сегашната состојба и капацитетите и расположливи социјални услуги, а посебно да ги утврди специфичните потреби за развој на социјаллните услуги во општината за да се дадат квалитетни индикатори за следење и анализа на социјалните аспекти на човечкиот развој на локално ниво.

Годишната програма за социјална заштита се изготвува врз основа на тригодишен социјалниот план којшто пак содржи мапирање на социјални проблеми на ранливи групи во општината, анализа на капацитети и расположливи социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјалните услуги во општината.

ЦЕЛ

Основна цел на ова програма е општината да им помогне на граѓаните во надминување на социјалните ризици (моментални или долготрајни) на кои се изложени како и да започне со воспоставување на мрежата на услуги од кои има потреба на територија на Општината.

- активна соработка со институции на локално и национално ниво, со невладин и приватен сектор

-овозможување на достоинствен и безгрижен живот на старите лицата кои имаат потреба од социјална заштита;

-превземање на мерки и активности за реализација на изготвената Анализа за точно утврдување на потребите на деца со посебни потреби во ООУ во Општината;

-дневен центар за стари лица.

-подршка на лица кои ќе бидат погодени од одреден социјален проблем (проблем поврзан со социјалниот развој, поврзан со дивијантно однесување или проблеми настанати како последица на природни непогоди и епидемии.

Оваа програма за 2022 година, ги предвидува следните активности:

1. Помош и нега на стари лица во домашни услови
2. Реализација на изготвената Анализа за деца со посебни потреби
3. Отварање на дневен центар (центри) за стари лица и
4. Еднократна парична помош –социјална превенција како заштита од социјален ризик, за спречување на појава на социјален проблем и ублажување на последиците од настанатите социјални проблеми на граѓаните

| **Ред. бр.** | **Цел** | **Активност** | **Носители** | **Рокови** | **Финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Помош и нега на стари лица во домашни услови | Продолжување на активностите согласно Договор 09- | АДРА, МТСП општина Чучер Сандево, општина Бутел | Во тек на цела 2022 година | МТСП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 426/3 од 27.11.2020 г. | | | |
| 2 | Превземање на мерки и активности за реализација на изготвената Анализа за точно утврдување на потребите на деца со посебни потреби во ООУ во Општината | Создавање на услови за вработување на дефектолог во ООУ „Св.Кирил и Методиј„ с.Кучевиште; создавање на услови за логопетски третман на децата во ООУ | Општина Чучер Сандево/МОН/ Здружение | Во тек на 2022 год. | 100.000,00 |
| 3 | Отварање на дневен центар (центри) за стари лица | Обезбедување на простор | МТСП /Донатори/ Општина | Во тек на 2022 година | 100.000,00 |
| 4 | Еднократна парична помош | Постапување по поднесено барање согласно Правилник со критериуми за доделување на ЕПП | Општина Чучер Сандево | Во тек на цела година | 200.000,00 |

ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите кои е предвидени во оваа програма ке се финансираат од средства од буџетот на општина Чучер Сандево-400.000,00 денари, средства од буџетот на МТСП, како и преку други форми и активности за обезбедување финансиска подршка за нивно реализирање, спозорства и донации.

ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДРШКА

Други форми и активности со кои ќе се работи на подобрување на социјалната слика на општината а кои ќе се спроведуваат во текот на годината се:

-организирање на форуми, трибини, дебати

-организирање на други активности за деца на школска возраст

-други форми на подршка

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзино донесување и објавување во Службен гласник на Општината, а ќе се применува до 31.12.2022 година.

**Бр.08-373/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**28.03.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска**

# 18.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА 2022 ГОДИНА**

Се објавува Програма за заштита и спасување за 2022 година, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 9-та седница, одржана на 28.03.2022 година.

**Бр.09-482/5**
**28.03.2022 год.**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 точка 1 став 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002) а во врска со член 9 од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/2018 и Сл.весник на РСМ бр.215/21), Советот на Општина Чучер Сандево на **9-та** седница одржана на **28.03.2022** година, донесува

## ПРОГРАМА
**за заштита и спасување за 2022 година**

## 1.ВОВЕД

Заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра подразбира и спроведување на едукативни активности и превземање на соодветни мерки и активности за оспособување на субјектите и граѓаните за заштита од природни непогоди и други несреќи кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето и предизвикуваат големи материјални штети.

За организирање на заштитата и спасувањето, особено внимание се посветува на:

-навремена идентификација и процена на веројатноста и интезитетот на потенцијалните ризици и опасности кои можат да ги загрозат граѓаните и материјалните добра

-нагласеност на превентивната функција и превземање мерки за подготвеност на институциите, заедниците и граѓаните,

-рационалност и ефикасност во искорисување на ресурсите и капацитетите.

## 2. ЦЕЛИ

Целта на оваа програма е преку обуки да се создадат човечки ресурси кои би делувале во случај на непогода.

Целта ќе се постигне преку обезбедување на предуслови за беспрекорно делување на силите со континуирано оспособување за заштита и спасување во образовните институции.

Воедно, согласно Законот за заштита и спасување и системот на образованиево годишните програми за работа на училиштата задилжително предвидува теоретски и практични содржини за заштита и спасување.

**3. АКТИВНОСТИ**

Од урбанистичко-технички мерки и хуманитарни мерки за заштита и спасување, за 2022 година, предвидени се следните активности:

-**Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи**

- **евакуација и згрижување**.

Општина Чучер Сандево преку оваа Програма за 2022 година ќе продолжи со допринесување за непречено справување со пожар на отворено и подготвеноста на силите на училиштата и учениците да биде на повисоко ниво.

Активност 1

Делување на сили за гаснење на пожари (по потреба)

Потребни средства................................................................... 5.000,00 денари

Силите кои се обучени и лицето за заштита и спасување, во случај на потреба ќе бидат ангажирани, првично до пристигнување на противпожарните екипи на Град Скопје како и се до престанување на опасноста.

Активност 2

Тренинг на силите во основните училишта со вклучување на учениците на вежба со поставено сценарио

Потребни средства.................................................................. 10.000,00 денари.

Активност 3

Доопремување на Општината со техничка опрема за гасење на пожар (маски, метли, напретњачи, ПП апарати и сл.) како и одржување на ПП апаратина Општината во исправна состојба (сервисирање).

Тековно во 2022 година, се спроведуваат дополнителни информативни и промотивни активности за подигање на јавната свест за заштита од пожари, во соработка со ДЗС, ЦУК, ТППЕ и слични субјекти кои работат на оваа проблематика.

**4. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите од обласна на заштита и спасување (30.000 денари) ќе биде реализирано од Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2022 година.

**Бр.08-373/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**28.03.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска с.р.**

# 19.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ПРИЗНАНИЈА И НАГРАДИ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Правилник за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средства за признанија и награди од Буџетот на Општина Чучер-Сандево, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 9-та седница, одржана на 28.03.2022 година.

**Бр.09-482/6**
**28.03.2022 год.**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 26 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.Весник на Р.М.“ бр.05/02), Советот на Општина Чучер Сандево, на 9-та седница на Советот на општина Чучер-Сандево, одржана на 28.03.2022 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
**за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средства за признанија и награди од Буџетот на Општина Чучер-Сандево**

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат критеиумите и постапката за доделување на средства за признанија и награди од Буџетот на Општина Чучер-Сандево на физички лица во областа спорт и рекреација и образование.

**Член 2**

Физички лица кои ќе поднесат барање, кон барањето треба да ја достават и следната документација:

Кон барањето лицата треба да ги достават следните документи:

1. Пофалници
2. Дипломи
3. Уверенија

4. Потврда или друга соодветна документација издадена од надлежен орган со која се потврдуваат постигнатите успеси.

**Член 3**

Барањето со документацијата се доставува преку архивата на Општината до Совет на Општина Чучер Сандево, Комисија за признанија и награди, во затворено плико со назнака „Барање за доделување на средства за признанија и награди„.

Барањата може да се доставуваат во текот на целата година.

**Член 4**

Во предвид ке бидат земени само постигнати успеси за период не подолг од една година од денот на освоената награда.

**Член 5**

Комисијата согласно критериумите изготвува предлог за доделување на средства од Буџетот и истиот го доставува до Советот на Општината.

Врз основа на предлогот од комисијата Советот носи Одлука за исплата на доделените средства врз основа на која Градоначалникот носи Решение за исплата.

**Член 6**

Комисијата од член 3 на овој Правилник е должна при разгледување на барањата за доделување на средствата да ги почитува и да се придржува кон критериумите утврдени во овој Правилник.

**КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА**

**Член 7**

Критериумите за доделување на средствата се утврдуваат во областите во кои согласно Законот за локалната самоуправа општината има надлежност и за проекти, програми или активности кои се во согласност со програмските одредби на општината и програмите донесени од Советот на општина Чучер-Сандево и тоа:

1. <u>Физички лица</u>

Основен услов кој треба да го исполнува барателот е да е жител на Општина Чучер-Сандево.

Документи кои се приложуваат кон барањето:

а) значење на програмите, проектите или активностите за општината, регионот, Републиката или значење од меѓународен карактер;

б) можност за афирмација на општината;

в) претходни успеси, добиени награди во општината, регионот, Републиката или меѓународни награди;

г) временски период за реализација на активностите;

д) висина на обезбедените средства од донатори или други извори.

**Член 8**

При доделувањето на средствата Комисијата од член 3 на овој Правилник, треба да се раководи и од следните критериуми:

**А)**

Износот на доделените средства за резултати постигнати на општинско ниво:
-за освоено I место-износ од 3.000,00 денари.
-за освоено II место-износ од 2.000,00 денари.
-за освоено III место-износ од 1.000,00 денари.

**Б)**

Износот на доделените средства за резултати постигнати на меѓуопштинско ниво:
-за освоено I место-износ од 5.000,00 денари.
-за освоено II место-износ од 3.000,00 денари.
-за освоено III место-износ од 2.000,00 денари.

**В)**

Износот на доделените средства за резултати постигнати на државно ниво
-за освоено I место-износ од 10.000,00 денари.
-за освоено II место-износ од 8.000,00 денари.
-за освоено III место-износ од 5.000,00 денари.

**Г)**

Износот на доделените средства за резултати постигнати на регионално ниво:
-за освоено I место-износ од 20.000,00 денари.
-за освоено II место-износ од 15.000,00 денари.
-за освоено III место-износ од 10.000,00 денари.

**Д)**

Износот на доделените средства за резултати постигнати на меѓународно ниво:
-за освоено I место-износ од 30.000,00 денари.
-за освоено II место-износ од 20.000,00 денари.
-за освоено III место-износ од 10.000,00 денари.

**Член 10**

Исто лице, Барање може да се поднесе само еднаш во текот на година.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Член 12**

Со донесување на овој правилник престанува да важи Правилникот за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средствата од Буџетот на Општина Чучер-Сандево бр.01-212/1 од 04.02.2015 година.

**Бр.08-373/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**28.03.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска с.р.**

# 20.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици на подрачјето на општина Чучер-Сандево, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 9-та седница, одржана на 28.03.2022 година.

**Бр.09-482/7**
**28.03.2022 год.**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02 ) и член 23 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Чучер - Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.05/19), Советот на општина Чучер-Сандево на **9-та** седница одржана на **28.03.2022** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2021 ГОДИНА**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици на подрачјето на општина Чучер-Сандево за 2021 година, бр.**09-317/1** од **03.03.2022** година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-373/9**
**28.03.2022 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

# 21.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02 ), член 23 од Статутот на општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.05/19), Советот на општина Чучер-Сандево на **9-та** седница одржана на **28.03.2022** година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПшТИ МЕРКИ ЗА ЧУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО И ЗАШТИТА ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ВО 2021 ГОДИНА**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за спроведување на општи мерки за чување и унапредување на здравјето на населението и заштита од заразни болести во **2021** година, бр.**15-229/1** од **18.02.2022** година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-373/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**28.03.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер - Сандево** **Сања Белинска с.р.**

# 22.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 2021 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за активности на Општина Чучер-Сандево во областа на социјалната заштита за 2021 година, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 9-та седница, одржана на 28.03.2022 година.

**Бр.09-482/9**
**28.03.2022 год.**
**Чучер - Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02 ), член 23 став 1 точка 44 од Статутот на општина Чучер - Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.02/03), Советот на општина Чучер-Сандево на **9-та** седница одржана на **28.03.2022** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО 2021 ГОДИНА**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активности на општина Чучер-Сандево во областа на социјална заштита во 2021 година, бр.**15-227/1** од **18.02.2022** година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Чучер-Сандево„.

**Бр.08-373/11**
**28.03.2022 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

# 23.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА 2021 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за заштита и спасување за 2021 година, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 9-та седница, одржана на 28.03.2022 година.

**Бр.09-482/10**
**28.03.2022 год.**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02 ), член 23 од Статутот на општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.05/19), Советот на општина Чучер-Сандево на **9-та** седница одржана на **28.03.2022** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО 2021 ГОДИНА**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активности на општина Чучер-Сандево во областа на заштита и спасување во 2021 година, бр.**06-228/1** од **18.02.2022** година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Чучер-Сандево„.

**Бр.08-373/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**28.03.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер - Сандево** **Сања Белинска с.р.**

# 24.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНА НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО 2022 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за давање согласност на измена на годишен план за вработување во 2022 година, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 9-та седница, одржана на 28.03.2022 година.

**Бр.09-482/11**
**28.03.2022 год.**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19) и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Р.М." бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), Советот на Општина Чучер-Сандево на **9-та** седница, одржана на 28.03.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНА НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО 2022 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава Согласност на Измената на годишниот план за вработување во Општина Чучер-Сандево за 2022 година, бр.01-361/1 од 17.03.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-373/13**
**28.03.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

# 25.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈОУДГ "МИЛО МОЕ" ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за давање согласност на правилникот за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ "МИЛО МОЕ" Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 9-та седница, одржана на 28.03.2022 година.

**Бр.09-482/12**
**28.03.2022 год.**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр.5/02 ), член 23 од Статутот на Општина Чучер - Сандево („Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19) и член 116 став 1 алинеја 8 од Закон за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19 и 311/20), Советот на Општина Чучер-Сандево на **9-та** седница одржана на **28.03.2022** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈОУДГ " МИЛО МОЕ" - ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**Член 1**

Се дава СОГЛАСНОСТ на Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ "МИЛО МОЕ"Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево бр.**02-7/3** од **16.03.2022** година, донесен од Управниот одбор на ЈОУДГ "МИЛО МОЕ" Чучер-Сандево.

**Член 2**

Ова одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер -Сандево".

**Бр.08-373/14**
**28.03.2022 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Сања Белинска с.р.**

# 26.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ОЈУ ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО**

Се објавува Одлука за усвојување на извештајот за работа на ОЈУ Партизански дом Сандево, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 9-та седница, одржана на 28.03.2022 година.

**Бр.09-482/13**
**28.03.2022 год.**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр. 5/02) и член 23 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **9-та** седница, одржана на **28.03.2022** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКАТА ЈАВНА УСТАНОВА ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО, с.САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ЗА 2021 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Чучер-Сандево **го усвојува** Извештајот за работа на Општинската јавна установа Партизански дом "Сандево" с.Сандево, Општина Чучер Сандево за 2021 година, усвоен од Управниот одбор на ОЈУ Партизански дом "Сандево" с.Сандево, со Одлука број **0202-36** од **21.02.2022** година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до УО на ОЈУ Партизански дом "Сандево" с.Сандево.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер - Сандево".

**Бр.08-373/15**
**28.03. 2022 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

# 27.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ОЈУ ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО**

Се објавува Одлука за усвојување на финансиски извештај на ОЈУ Партизански дом Сандево, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 9-та седница, одржана на 28.03.2022 година.

**Бр.09-482/14**
**28.03.2022 год.**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр. 5/02 ) и член 23 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **9-та** седница, одржана на **28.03.2022** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАСИСКИ ИЗВЕШТАЈ НА ОЈУ ПАРТИЗАНСКИ ДОМ „САНДЕВО„ с.САНДЕВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО, ЗА 2021ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Чучер-Сандево **го усвојува** Финасискиот извештај на ОЈУ Партизански дом "Сандево" с.Сандево Општина Чучер-Сандево за периодот од **01.01-31.12.2021** година, усвоен од Управниот одбор на ОЈУ

Партизански дом "Сандево" с.Сандево, со Одлука број **0202-37** од **21.02.2022** година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до УО на ОЈУ Партизански дом "Сандево" с.Сандево.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер - Сандево".

**Бр.08-373/16**
**28.03.2022 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

## СОДРЖИНА

Стр.

**14. Завршна сметка на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2021 година..........................................................................................................3**

**15. Одлука за усвојување на годишен извештај на Општина Чучер-Сандево за 2021 година.........................................................................................................17**

**16. Програма за спроведување на општи мерки за чување и унапредување на здравјето на населението и заштита од заразни болести во 2022 година..................18**

**17. Програма за активности на Општина Чучер-Сандево во областа на социјалната заштита за 2022 година.................................................................................27**

**18. Програма за заштита и спасување за 2022 година..........................................30**

**19. Правилник за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средства за признанија и награди од Буџетот на Општина Чучер-Сандево...............32**

**20. Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици на подрачјето на Општина Чучер-Сандево.......................................................................35**

**21. Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за спроведување на општи мерки за чување и унапредување на здравјето на населението и заштита од заразби болести во 2021 година......................................36**

**22. Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за активности на Општина Чучер-Сандево во областа на социјалната заштита за 2021 година.........................................................................................................37**

**23. Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за заштита и спасување за 2021 година........................................................................37**

**24. Одлука за давање согласност на измена на годишен план за вработување во 2022 година.........................................................................................................38**

**25. Одлука за давање согласност на правилникот за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,МИЛО МОЕ,, Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево.......................................................39**

**26. Одлука за усвојување на извештајот за работа на ОЈУ Партизански дом Сандево...........................................................................................................40**

**27. Одлука за усвојување на финансиски извештај на ОЈУ Партизански дом Сандево...........................................................................................................41**